*БЛАГА ПЕТРОСКА*

# НИВОТО И ТРЕНДОВИТЕ НА РЕПРОДУКЦИЈАТА НА МАКЕДОНСКОТО НАСЕЛЕНИЕ ВО СР МАКЕДОНИЈА

Во репродукцијата на својот живот човекот произведува материјални и духовни добра, општествени односи, но и сопствен живот обезбедувајќи ја на тој начин смената и континуитетот на поколенијата. Разликите и меѓусебната поврзаност на општествената репродукција и биолошката репродукција претставуваат еден од значајните процеси тесно поврзани со другите општествени процеси и како таков предмет на проучување не само на демографијата туку и на социологијата, економијата и другите општествени науки. Биолошката репродукција на населението како процес на постојана замена на генерациите во општеството преку раѓање, созревање, стареење и умирање и покрај тоа што изгледа елементарен биолошки процес, тој во исто време и во голема мера ги опфаќа елементите на економиката, правото, историјата и политиката на даденото општество.

Поаѓајќи од Енгелсовиот став изнесен во делото „Потеклото на семејството приватната сопственост и државата", дека репродукцијата на населението има значење како и репродукцијата на материјалните услови за живеење, со право може да се истакне дека разгледувањето на биолошката репродукција во нашето општество претставува битен дел на разгледувањето на општествено-економскиот развој. Маркс и Енгелс дале значаен придонес за развитокот и изградбата на демографијата и популационата политика. Тие изрично ја нагласувале заемната врска на производството и порастот на населението истакнувајќи ја улогата на демографскиот фактор. Тие нагласувале дека и репродукцијата на населението, а не само репродукцијата на материјалните добра (значи заедно и едната и другата репродукција) претставуваат репродукција на непосредниот, живот а тоа во последна инстанца е одлучувачки момент во историјата.

Неоспорно, основна претпоставка за постоењето на општеството е биолошката репродукција на населението — населението и општеството се неделиви целини. За општеството населението ја претставува неговата жива основа и делатна содржина, додека оп-

---

Објавено во сп. „Погледи", Скопје, бр. 5/1985.

штеството за населението е затекната рамка создадена со текот на времето, а во која тоа постои и понатаму се развива. Затоа развојот на населението претставува еден од значајните составни делови на развојот на општеството.

Поимот репродукција на населението (биолошка репродукција) се однесува на процесот на обновување на населението или на процесот на обновување на генерациите во рамките на населението во кој заедно учествува фертилитетот и морталитетот. Внатрешната динамичка компонента на постојаното обновување на населението е процесот на раѓање кој по природа, генерациски гледано е континуиран. Фактичката големина на репродукцијата (нето репродукцијата) меѓутоа, е резултанта на заедничкото дејствување на основните витални процеси кај некое население — на раѓањата и умирањата. На тој начин процесот на репродукцијата се одвива во одредени социо-економски рамки и норми кои делуваат врз склучувањето на браковите и создавањето на новите семејства. Поради својата социо-економска условеност, процесот на репродукцијата на населението има изразити социо-економски импликации. За едно општество, во зависност од степенот на неговиот економски и културен развиток не е сеедно дали репродукцијата на своето население ќе се одвива како *проширена репродукција* (што значи обновување на населението во зголемен обем), или таа *репродукција стагнира* (постојано се обновува во ист обем), или пак станува збор за репродукција која опаѓа (репродукција поја повеќе не го обезбедува обновувањето на населението во поранешниот обем). Исто така за општествена заедница од посебно значење е и *темпото* со кое се одвива репродукцијата, односно интензитетот со кое расте или опаѓа населението и во каков однос е стапката на порастот на населението спрема стапката на порастот на стопанството. Репродукцијата која стагнира или опаѓа во економски развиените земји редовно доведува, покрај другите услови, до недостаток на нова работна сила, до недоволна побарувачка на нови производи и на сите тие производи што ги трошат младите домаќинства, а може да доведе и до непропорционално зголемување на старото население во однос на младото, може да доведе и до други последици кои го спречуваат натамошниот развој на производните сили. Од друга страна, брзото темпо на проширена репродукција на населението во неразвиените земји, практично го оневозможува порастот на инвестициите, го заострува проблемот на аграрната пренаселност, и често пати го оневозможува развојот на интензивните дејности фаворизирајќи го поради притисокот на вработувањето, развојот на работно-интензивни гранки. Од тие причини процесот и интензитетот на репродукцијата на населението, и структурните односи кои во неа се формираат помеѓу стапката на наталитетот и морталитетот, се од извонредно значење за економскиот развој на која и да е земја.[1]

---

[1] Алиса Балетиќ, Демографија, становништво и економски развитак, Загреб, 1973, стр. 168—169.

Демографската ситуација во областа на репродукцијата на населението е мошне различна во светот. Спротивностите меѓу развиените и неразвиените, меѓу индустриските и руралните општества, се одразуваат и на демографската ситуација, посебно на природниот прираст на населението. Стопански неразвиените земји со изразен голем природен прираст, посебно со висок наталитет, преземаат мерки за смирување на тие текови во развојот на населението. Спротивно на тоа, индустриските општества, па и социјалистичките со бројни социјални и економски мерки го поттикнуваат зголемувањето на наталитетот поради тоа што ниската стапка на репродукцијата на населението покажува, депопулациони тенденции. Различниот пристап кон популационата политика е резултат на разликите во демографските движења, резултат на различните цели на општествениот развој условени од економската и општествено-политичката ситуација, а исто така и од постојниот вредностен систем на даденото општество. Од тие причини биолошката репродукција на населението се наоѓа во центарот на интересирањето на популационата политика на една страна и на бројни науки и научни истражувања и анализи од друга страна.

Имајќи предвид дека репродукцијата на населението е составен дел на вкупната репродукција, нејзин значаен фактор кој ја определува способноста на општеството да го остварува сопствениот напредок и да учествува во прогресот на човештвото, прашањето на биолошката репродукција и на биолошката структура на нашето население се повеќе треба да биде предмет на нашиот интерес.

Денеска обично, се зборува за еден традиционален и еден современ тип на репродукција на населението. Преодните периоди меѓу нив обично се нарекуваат демографска транзиција. За традиционалниот тип на репродукција е карактеристично аграрното стопанство со соодветните општествени односи и културна традиција. Демографската транзиција од традиционален кон современ тип на репродукција на населението најдиректно е поврзана за индустриската револуција, развојот на капитализмот и многубројните промени во целокупната структура на општеството.[2] Во Западна и Северна Европа транзицијата од традиционалниот кон современиот тип на репродукција отпочна во втората половина на XVIII век па траела до 30-те години на XX век. Подоцна индустриските земји доживувале една задоцнета транзиција, но сепак во сите индустријализирани земји, може да се каже дека демографската транзиција е завршена. За сите други, особено неразвиени земји е карактеристично што се наоѓаат во различни транзициони фази[3] во кои се испреплетуваат карактеристиките на традиционалниот со современиот тип на репродукција во зависност од интензитетот на самата транзиција. Преодот од традиционалниот кон современиот

---

[2] Adolph Landry, Les trois theories de la population, Scientia 1909, J. Huxley, Three essays on popluation, New York 1960.

[3] Frank Notestein, Food for the World, Chicago 1944, W. S. Thompson, Plenty of people, Cattell Press, 1944.

тип на репродукција на населението значи преод од високи стапки на наталитет и морталитет кон пониски стапки на наталитет и морталитет.

Населението на Југославија како целина во седумдесеттите и на почетокот на осумдесеттите години можеме да го уврстиме во современиот тип на репродукција со ниски стапки на наталитет и морталитет.[4] Во шеесетите и особено во педесетите години уште се чувствувале белезите на незавршената демографска транзиција. Природниот прираст после 1970 година е умерено низок со тенденција на натамошно намалување. Мортатилетот исто така ја покажува тенденцијата на постојано намалување. Но сепак, при крајот на седумдесеттите и на почетокот на осумдесеттите години Југославија сè уште приближно заостанува зад најразвиените земји. Ако од друга страна ги посматраме индикаторите на фертилитетот, стапката на вкупниот фертилитет и нето коефициентите на репродукцијата, кои во исто време се и индикатори за обединувањето на населението, ќе се види дека до крајот на седумдесеттите години нашиот фертилитет обезбедувал умерено раширена репродукција. При самиот крај на седумдесеттите и почетокот на осумдесеттите години фертилитетот во Југославија како целина повеќе не го обезбедува простото обновување на генерациите. Според податоците кои ги дава Малахиќ, Југославија на тој начин влегува во групата на 20 развиени земји на светот, од 31 проучени, во кои во почетокот на осумдесеттите години не е обезбедено простото обновување на генерациите. Современиот тип на репродукција при крајот на проучуваниот период е карактеристичен за најголемиот број население од нашите републики и покраини. Според неговите констатации исклучок претставува населението на Македонија и Косово, каде демографската транзиција уште не е завршена, иако населението во Македонија се наоѓа пред самиот крај на демографската транзиција. (Користејќи ги податоците за населението на Македонија, Малахиќ укажува на големите регионални разлики чиј извор го наоѓа во националната структура. Во источна и јужна Македонија демографската транзиција е завршена, додека во западна Македонија уште е во почетна фаза).

Осврнувајќи се на еден подолг временски период (од средината на педесеттите години па наваму) во кој дошле до израз одредени разлики во репродукцијата на населението во Југославија, спомнатиот автор ја изработува следнава детална типологија на биолошката репродукција на населението на нашите републики и покраини.

Првиот тип го сочинува населението на Хрватска, Словенија, Србија вон покраините и Војводина, кои ја завршиле демографската транзиција во педесеттите години. Сепак во таа група на развиените републики и покраини настапува битна разлика во об-

---

[4] Типологијата и нејзиното објаснување се земени од рефератот на Јанез Малачиќ: Типови репродукције становништва и популациона политика у Југославији, на советувањето „Популациона политика у југословенском социјалистичком самоуправном друштву, Белград, 5 и 6 јуни 1984 год.

новувањето на населението во повоениот период, меѓу Словенија на една и Хрватска, Србија вон покраините и Војводина на друга страна. Во Словенија целото време, со исклучок на две години, е обезбедена проста или умерено проширена репродукција, додека кај другото население од тој тип индикаторите на репродукцијата во целиот период укажуваат на едно сестрано обновување на генерациите. До откриена депопулација уште не е дојдено само поради подобната старосна структура на населението. Но, и покрај овие разлики населението на Словенија не се уврстува во посебен тип поради тоа што се смета дека во проучуваниот период делувале одредени поволни фактори (влијанието на миграцијата врз старосната структура, поволните економски прилики итн.) кои во последно време го губат своето влијание, така што и во Словенија во почетокот на осумдесеттите години генерациите се обновуваат во намален обем.

Вториот тип на репродукција го сочинуваат населението на Босна и Херцеговина, Црна Гора и Македонија. Ако се изземе албанското и турското население во Македонија, може да се каже дека овие населенија ја завршиле демографската транзиција во првата половина на седумдесеттите години. Поради релативно младата старосна структура природниот прираст сè уште е доста висок. Меѓутоа индикаторите на обновувањето од крајот на осумдесеттите години не го обезбедуваат ни во овие републики простото обновување на генерациите. За овој тип карактеристично е мошне брзото опаѓање на фертилитетот, опаѓање кое, барем во Европа, е сигурно без преседан.

Третиот тип го сочинув населението на Косово, каде што карактеристиките на традиционалниот тип на репродукција уште ги надминуваат карактеристиките на современата репродукција, кои во оваа Покраина од средината на шеесеттите години па наваму постепено почнале да се афирмираат. На Косово, барем за сега, не може да стане збор за некоја побрза транзиција кон современите карактеристики на фертилитетот, како што е утврдено кај населението од претходниот тип. Поради мошне брзото опаѓање на општиот морталитет може дури да се зборува и за една вистинска експлозија на населението, која во значителна мерка го отежнува побрзиот економски и општествен развој. И во оваа покраина се евидентни разликите во биолошката репродукција според националностите. Кај Албанците и Турците како и во Македонија, влијанието на традиционалната репродукција е многу поизразено отколку кај другите националности во покраините.

*
* *

Неоспорно, во СР Македонија како последица на индустријализацијата и урбанизацијата доаѓа до бројни промени како што се намалување на аграрната пренаселеност, подобрувањето на образовната структура на населението и друго што позитивно се одрази врз социјално-економскиот состав на населението. Меѓутоа, во раз-

којот на населението доаѓаат до израз проблемите кои создаваат непожелни демографски, економски и социјални последици. Големите разлики во нивото на репродукцијата на населението (како последица на различните трендови на наталитетот) во одделните делови на нашата Република, нерамномерната распределба на населението со поголема концентрација спрема неколкуте градски центри, напуштањето на планинските и пасивните подрачја, се само некои од проблемите со кои се сретнува нашето општество.

Во СР Македонија како и во цела Југославија во повоениот период доаѓа до големи промени во репродуктивното поведение на населението кои пред се, се изразуваат во едно значајно опаѓање на нивото на наталитетот. Мошне забележителен е процесот на премин од традиционално репродуктивно поведение кон еден посовремен тип на репродукција со пониско ниво на наталитетна стапка. Така од 40,7 живородени деца на 1000 жители во 1948 година, тој број се намалува постепено, па во 1961 година изнесува 29,9 во 1971 г. 22,9 а во 1981 г. 20,6. Од 38,4% во периодот од 1950—54 година, стапката на наталитетот достигнува 22,3% во периодот 1975—77 година. Во овој период стапката на опаѓање изнесува — 2,24 (во Југославија во истиот период стапката на опаѓање изнесува — 1,94.)[5]

Тенденцијата на опаѓање на наталитетот е мошне изразена во Републиката како целина, меѓутоа се забележуваат значајни разлики и во интензитетот на неговото опаѓање и во неговото ниво, доколку тие се посматраат на потесните подрачја, внатре во Републиката. Со други зборови, изразената тенденција на опаѓање на наталитетот на подрачјето на целата Република не значи дека нивото на наталитетот и интензитетот на неговото опаѓање е изедначено на републичко ниво. Колку населението на нашата Република не е хомогено од аспектот на нивото на наталитетот може да се согледа од дистрибуцијата на општините спрема стапките на наталитетот.

Од прегледот на општини може да се види дека од вкупно 30 општини низок наталитет (до 18,0%) имаат 11 општини: Берово, Битола, Брод, Демир Хисар, Кочани, Кратово, Крива Паланка, Прилеп, Пробиштип, Ресен и Св. Николе; умерено низок наталитет (меѓу 18—20%) имаат 8 општини: Виница, Гевгелија, Делчево, Кавадарци, Крушево, Неготино, Охрид и Радовиш; среден наталитет (меѓу 20—24,0%)имаат шест општини: Куманово, Велес, Штип, Струмица, Валандово и Скопје; висок наталитет (меѓу 24—30,0%) имаат 5 општини: Тетово, Гостивар, Дебар, Кичево и Струга.[6]

Наведените податоци укажуваат дека е неопходно наталитетот да се посматра во функција на обновување на населението, со посебно истакнување на диспропорцијата меѓу одделните места во нашата Република кои не го достигнуваат нивото на обновување и други во кои генерациите се дуплирани.

---

[5] Душан Брезник, во книгата „Фертилитет на населението на Југославија и планирањето на семејството", Белград, 1980 год.

[6] Статистички годишник на СРМ, 1982 год.

*ТАБЕЛА БР. 1*

Население според пописите 1948, 1953, 1961, 1971 и 1981 г.

| | Индекси | | | |
|---|---|---|---|---|
| Општини со низок наталитет*) | 1981 / 1948 | 1981 / 1953 | 1981 / 1961 | 1981 / 1971 |
| Берово | 106,4 | 99,0 | 100,9 | 101,4 |
| Битола | 152,4 | 133,7 | 123,3 | 110,5 |
| Брод | 70,2 | 65,7 | 68,0 | 77,6 |
| Демир Хисар | 76,9 | 74,3 | 83,8 | 92,2 |
| Кочани | 164,7 | 143,1 | 125,7 | 109,4 |
| Кратово | 85,6 | 76,6 | 77,9 | 82,2 |
| Крива Паланка | 88,8 | 79,6 | 85,4 | 90,3 |
| Прилеп | 127,0 | 113,9 | 107,0 | 103,4 |
| Пробиштип | 124,3 | 104,3 | 99,4 | 100,4 |
| Ресен | 109,6 | 103,9 | 106,9 | 106,6 |
| Св. Николе | 90,4 | 84,1 | 91,8 | 100,6 |
| Општини со висок наталитет | | | | |
| Гостивар | 174,1 | 153,1 | 146,4 | 122,5 |
| Дебар | 174,6 | 135,1 | 143,0 | 121,8 |
| Кичево | 137,1 | 124,7 | 128,9 | 116,4 |
| Струга | 160,3 | 148,3 | 133,1 | 115,6 |
| Тетово | 194,0 | 174,6 | 155,6 | 123,7 |
| СРМ | 105,0 | 146,3 | 135,8 | 115,9 |

*) Податоците за висината на наталитетот се од 1981 год.
Извор: Статистички годишник на СРМ, 1982 год.

Во нашата средина како последица на различните услови за живеење, степенот на образование, традиција, обичаите и верскиот систем се јавуваат значајни разлики меѓу одделните националности. И покрај константната тенденција на опаѓање на наталитетот во нашата Република кај делови на населението на нашето подрачје се задржани високи стапки, што влијае врз високата општа стапка на наталитетот кај вкупното население. Душан Брезник (во спомната книга) во објаснувањето на овие разлики го истакнува влијанието на социјалните и економските фактори, но исто така го истакнува и значењето на некои карактеристики на народностите како што се обичаите, возраста при склучувањето на бракот, ставовите спрема големината на семејството и абортусите, религијата итн. И на нашиот пример се покажува дека етницитетот, односно културниот модел на поведението условува различно манифестирање на репродукцијата на населението. Веднаш се забележува фактот дека меѓу 11 општини со низок наталитет, во 7 од нив повеќе од 90%

го сочинува македонското население (Берово, Демир Хисар, Кочани, Кратово, Крива Паланка, Пробиштип и Свети Николе), во 2 македонското население е застапено со над 85% (Битола и Прилеп), во 1 општина (Брод) со 73,2%, а во една со 69,3% (Ресен). Спротивно од тоа меѓу општините со висока стапка на наталитетот македонското население учествува со помалку од 20% (Гостивар и Дебар), со 23,7% (Тетово), со 42,2 (Кичево) и 53,3% (Струга). (Соопштение од Републичкиот завод за статистика, февруари 1982 г.)

Демографската анализа на природниот прираст исто така покажува дека меѓу општините и народностите од нашава Република има големи отстапувања во однос на републичкиот просек. Од вкупно 30 општини 2 имаат неповолен природен прираст (Демир Хисар и Ресен), поволен природен прираст 5 општини (Берово, Битола, Брод, Кратово и Крива Паланка), висок природен прираст 9 општини (Виница, Делчево, Прилеп, Пробиштип, Свети Николе, Кочани, Крушево, Неготино и Охрид), многу висок 8 општини (Скопје, Валандово, Гевгелија, Радовиш, Титов Велес, Штип, Кавадарци и Куманово), а ретко висок природен прираст 3 општини (Гостивар, Кичево и Дебар). Во општините со неповолен прираст и поволен природен прираст македонското население го сочинува најголемиот процент (од 69,7%—97,8%), додека во општините со ретко висок природен прираст македонското население сочинува многу помал процент (11,4% во Дебар, 18,2% во Гостивар и 41,2% во Кичево).

И покрај тоа што во пописните години од 1953, 1961, 1971 и 1981 година може да се следи тенденцијата на опаѓање на стапката на наталитетот и морталитетот, сепак виталните стапки за македонското население се пониски од соодветните за албанското и турското население.

Опаѓањето на виталните стапки е најинтензивно кај македонското население, а најслабо кај албанското. Кај македонското население стапката на наталитетот од 34,8% (1953) е намалена на 17,8% (1981). Кај албанското население во истиот период од 57,2% на 30,0%, а кај турското население од 36,7% на 29,0%. Стапките на природниот прираст во 1971 година кај албанското (28,4) и турското (19,7) националност се поголеми одошто кај македонското (11,3) население како резултат на повисоката стапка на наталитетот кај овие националности. Податоците јасно укажуваат дека меѓу македонскиот дел на населението настанува еден модел на репродукција базиран на низок наталитет. Покажаните трендови на репродукцијата на македонското население упатува на заклучокот дека нето стопата на репродукција веќе доаѓа до нивото недоволно за негова замена.

Покрај најголемиот удел што македонското население го има во вкупното население во СР Македонија, тоа нема соодветен удел во вкупната репродукција. Во периодот од 1961—1970 година македонското население во репродукцијата учествува со 55,4, а скоро исто е неговото учество и во 1970—80 година. Во споредба со албанското население кое во структурата на населението има постојано учество нешто под 20%, во репродукцијата во периодот од

1961—1970 учествува со 25,8, а во периодот 1971—1980 година овој процент е зголемен на 28,6. Турското население исто така има поголемо процентуално учество во репродукцијата отколку во вкупното население (6,6 во населението, а во репродукцијата 9,5, односно 7,2). Тоа значи дека македонското население во вкупното население во Републиката во 1961 г. учествувало со 71,2%, во 1971 година со 69,3%, а во 1981 година со 67,0%. Спрема проекцијата изработена до 2001 година, кога се очекува вкупното население на СР Македонија од сегашните 1,9 да достигне 2,4 милиони, учеството на македонското население, под претпоставка да продолжат истите демографски трендови, би се редуцирало на 62,3%. На тој начин доаѓа до релативно значајни промени во етничкиот состав на демографската карта на СР Македонија.

Анализата на податоците за квалитетот и фертилитетот уште еднаш ги потврдува констатациите дека етничката диференцијација на раѓањето во нашата Република е изразита и силна во секој поглед, било да се мери со распонот меѓу највисоката и најниската стапка на раѓањата или со односот на стапките на наталитетот спрема републичкиот просек[7].

Имајќи предвид дека репродукцијата на населението е составен дел на вкупната репродукција, нејзин значаен фактор кој ја определува способноста на општеството да го остварува сопствениот напредок и да учествува во прогресот на човештвото, прашањето на биолошката репродукција и на биолошката структура на нашето население се повеќе треба да биде предмет на нашиот интерес. Во својот општествен и економски развој нашата Република се сретнува со бројни проблеми (во однос на вработувањето, внатрешната и надворешната миграција, промените во социјално-економската структура на населението итн.), а демографскиот развој и покрај позитивните промени се карактеризира со сериозни пореметувања. Затоа, за нашиот натамошен развој огромно значење има начинот на кој се репродуцираме и каква ни е биолошката структура. Од друга страна, промената на неповолните трендови на наталитетот треба да биде резултат на едно добро планирање и осмислена општествена интервенција при што ќе се имаат предвид хуманитарните цели на политиката спрема раѓањето. Се разбира, дека при тоа, прашањето на популационата политика, на нејзините цели, принципи и мерки треба да си го најдат соодветното место во општествените планови и во развојната политика.

Во таа смисла нашето општество е повикано да преземе конкретни мерки за регулирање на неповолните тенденции на биолошката репродукција, со што ќе се отстранат и неповолните тенденции во демографскиот развој. Се повеќе е присутна свеста дека социјалистичкото општество, репродукцијата на населението и негови-

---

[7] Оваа констатација е мошне јасно изнесена во соопштението на академикот Милош Мацура „Сличности и разлике у обнављању становништва Македоније и Југославије" поднесен на научниот собир „Проблеми на демографскиот развој во СР Македонија" организиран од македонската Академија на науките и уметностите, Леуново, 3 и 4 ноември 1983 год.

от состав не може да ги препушти на случајноста поради тоа што демографските интереси и целите на општеството во целина и насекаде не се поклопуваат со поведението на поединецот. Интересот на општеството па дури и условот за неговото постоење е одредена репродукција на населението воопшто.

Се повеќе се наметнува констатацијата дека планирањето на семејството претставува основно човечко право, но и обврска и одговорност за секој човек. Затоа, многу јасно е истакнато тоа во „Основите и рамките на долгорочната социјална политика" од Долгорочната програма за економска стабилизација кога се вели дека „треба да се обезбедат социјални, економски и други услови кои ќе допринесат одлуките на поединците во поглед на наталитетот да бидат во согласност со потребите и можностите на општеството".

Поаѓајќи од значењето и функцијата на населението за развојот на општеството, посебно од неговата функција во стопанството и одбраната, мошне сериозно треба да се согледаат општествените, економските и општествено-психолошките последици на промените во неговиот состав. Нашата сегашна ситуација, во тој поглед, наметнува преземање на организирана и долгорочна акција со цел биолошката репродукција и натаму да се хуманизира. За таква акција неопходни се одредени економски, воспитни и други мерки. Во таквата акција секако дека ќе мора да се појде од марксистичкото сфаќање дека човекот ја сочинува најголемата вредност во општеството и дека односот кон децата и семејството е однос кон нашата иднина.

Ако биолошката репродукција се однесува и на поединецот и на семејството и на општеството како целина, секој мора да го има својот удел во одговорноста, секој мора да преземе неопходни мерки за создавање на неопходни услови, соодветна свест и одговорност во однос на биолошката репродукција. Како што биолошката репродукција е почетен материјален услов за постоењето на човековото општество, исто така и општеството мора да делува врз репродукцијата модифицирајќи го како нејзиното ниво така и нејзините карактеристики. Во таа смисла задачата на општеството е мошне сложена и деликатна и за нејзино остварување неопходна е добро осмислена и организирана акција. Неоспорно, наполно се созреани условите за систематска интервенција на тој план.

*BLAGA PETROSKA*

## THE LEVEL AND THE TRENDS IN THE REPRODUCTIVE BEHAVIOR OF MACEDONIAN POPULATION IN SR MACEDONIA

### SUMMARY

In the postwar period in SR Macedonia, as in the whole Yugoslavia, there are big changes coming in the reproductive behavior of the population. It is expressed by decrease of the natality. The decreasing tendency of the natality is strongly expressed in the Republic as a whole, and there are important differences in the intensity of that decrea-

sing and in the level of tle natality (among the regions within the Republic). In our Republic there are important differences among the nationalities as a result of different conditions, the educational level, the tradition, the customs and the religious system. In a part of the population there are high rates which influence the high general rate of the natality of the whole population. In the census years the decreasing tendency of natality and mortality can be seen. The vital rates for the Macedonian population are lower than the vital rates for the Albanian and Turkish population. The biggest part of the population in SR Macedonia is Macedonian population, but its contribution in the total reproduction is not appropriate. This tendencies cause the important changes in the ethnic structure on the demographical map of SR Macedonia.